

**РАЗВИВАЈ ГИ СВОИТЕ ПОТЕНЦИЈАЛИ**

Нашата НЛБ стратегија вклучува подобрување на дигиталното искуство на нашите клиенти и континуирано се фокусира на осовременување на картичното работење, на апликациите за мобилно и електронско банкарство со нови функционалности и сервиси, како и развој и промоција на нови дигитални канали.

Доколку си амбициозен, аналитичен и имаш желба за постигнување на дополнителни резултати и придонес кон унапредување и подигнување на нивото и квалитетот на дигиталните услуги кои ги нудиме на клиентите и насочени кон истражување и подобрување на постојните и развој на нови иновативни сервиси, те мотивираме да аплицираш на отворената работна позиција во Службата за управување и поддршка на самоуслужни продукти во Секторот за платни системи.

# Специјалист за платни системи

**Улога во тимот:**

- Водење на нови проекти поврзани со воведување на нови сервиси, продукти и фукционалности во делот на картичното работење и дигиталните канали;
- Развој, имплементирање на нови и поддршка на постојни продукти, функционалности и сервиси во сегментот на самоуслужни продукти на Банката;
- Комуникација и координација со надворешните добавувачи за самоуслужните канали, картичен процесор, меѓународните картични системи како и следење на законската регулатива и меѓународните стандарди во меѓународните платни системи;
- Учество во планирање и набавки на АТМ, ПОС, картично работење, како и спроведување на бизнис анализа на наведените сервиси;
- Тестирање и координирање на имплементацијата на нови верзии на самоуслужни продукти, корекции и исправка на неправилности во работењето на сервисите/апликациите;
- Пријавување и следење на барања за развој и усовршување на самоуслужни продукти/сервиси до надворешни добавувачи.

**Твојот профил:**

- Универзитетско образование;
- 2 години работно искуство во делот на водење на проекти, бизнис анализа и/или искуство со дигитални сервиси и канали за плаќање;
- Како предност би се сметало претходно искуство со работа во Банка како и познавање или претходно искуство во сегментот на картично работење и сертификација за Project management;
- Високо ниво на проактивност, самоиницијативност, спремност и интерес за постојана надградба со нови знаења од технички области и нови трендови во банкарското работење;
- Одлични комуникациски, организациски и аналитички вештини;
- Напредно познавање на компјутерски алатки;
- Одлично познавање на деловен англиски јазик.

**Твој мотив да ни се придружиш:**

- Препознатлив регионален бренд и современо работно опкружување;
- Меѓусебната доверба и грижа за другиот се основни начела во работењето;
- Напредна обука и индивидуален кариерен развој; менторство од врвни банкарски експерти;
- Позитивна организациска култура базирана на флексибилно работно време и слободни денови за различни пригоди;
- Континуирано учество во групациски корпоративни проекти;
- Конкурентен пакет на плата и надоместоци (вклучително приватно здравствено осигурување и трет пензиски фонд).

Заинтересираните кандидати своите кратки биографии (CV) можат да ги достават на nlbkariera@nlb.mk најдоцна до 20 јануари 2025 година.

Само кандидатите кои ги исполнуваат основните критериуми ќе бидат контактирани за интервју.

NLB Banka